**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година

Скопје, мај 2025 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на седницата одржана на 30.05.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
за одобрување на Извештајот за работа на Надзорниот одбор
на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година

1. СЕ ОДОБРУВА Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година.

2. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година е составен дел од оваа Одлука.

4. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

С.О.бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за работењето на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година**

Во 2024 година Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје ги извршуваше своите задачи со големо внимание и во целосна согласност со регулаторните барања, Статутот на Банката, сопствените Правила за работење и стандардите на НБГ Групацијата, придонесувајќи кон доброто корпоративно управување и стабилноста на Банката.

Надзорниот одбор постојано беше вклучен во одлуките од големо значење за Банката и активно вршеше надзор над работењето на менаџментот. Одборот редовно беше информиран за сите поважни прашања за Стопанска банка и деловното опкружување. Поточно, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше сеопфатените извештаи за финансиското и оперативното работење на Стопанска банка, Деловниот план, извештаите на надлежните органи и Секторот за внатрешна ревизија, Кварталните извештаи за усогласеноста на работењето на Банката со законите, голем број политики, итн. Дополнително, Надзорниот одбор беше информиран за поголемите промени во релевантното законодавство и за прашања поврзани со внатрешните контроли.

Како што е објаснето подетално во следниот дел од Извештајот, Надзорниот одбор успешно придонесе кон заштита и унапредување на долгорочните интереси на Банката.

## 1. <u>Начин на работење на Надзорниот одбор</u>

Седниците на Надзорниот одбор се оддржуваа во согласност со законски определената динамика, односно најмалку еднаш квартално. Во 2024 година, Надзорниот одбор организираше 6 редовни седници, на кои беа адресирани сите прашања од особена важност за Банката во согласност со неговите надлежности. Помеѓу седниците, во 9 прилики, беа разгледани/одобрени одредени точки со писмена согласност.

Надзорниот одбор ги организираше своите седници во согласност со Годишниот план за работа за 2024 година и во согласност со одговорностите определени во Законот за банки и интерните акти.

1/ Надзорниот одбор беше навремено информиран за сите значајни настани во Банката и земјата преку кварталните Извештаи за макроекономските настани и финансиските и деловните активности на Управниот одбор.

2 / Надзорниот одбор ги усвои Деловниот план и Политиката за развој на Стопанска банка за периодот 2024 - 2026 година и беше активно вклучен во следењето на нејзината имплементација и целокупното работење на Банката. Имено, Управниот одбор редовно и сеопфатно поднесуваше извештаи до Надзорниот одбор за деловните работи и управувањето со Банката. На секој состанок Генералниот извршен директор детално ја објаснуваше финансиската состојба на Банката, банкарскиот сектор и условите во економијата, генерално. Покрај тоа, Генералниот директор за управување со ризици го поддржуваше Генералниот извршен директор со презентирање на состојбата во врска со управувањето со ризиците, ликвидноста и управувањето со капиталот на Банката и ги презентираше извештаите за работењето на Одборот за управување со ризици.

3/ Во рамките на своите одговорности, Надзорниот одбор изврши Годишна евалуација на членовите на Управниот одбор, Одборот за ревизија и Одборот за управување со ризици.

4 / Преку годишните планови и редовните извештаи на Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност, Надзорниот одбор го следеше работењето на одговорните лица на контролните функции и беше соодветно информиран за прашањата од усогласеност / регулатива и внатрешна ревизија. Понатаму, посебно внимание беше посветено на следењето на препораките на гувернерот на Централната банка до нивната целосна имплементација, и преглед на извештаите на Народна банка од супервизиите поврзани со заштитата на потрошувачите, и супервизијата поврзана со управувањето со кредитниот ризик, корпоративното управување, ликвидносниот и оперативниот ризик, ризикот кој произлегува од перење пари и финансирање на тероризам и усогласеност со регулативите, имајќи ја предвид улогата на Надзорниот одбор за воспоставување ефикасна соработка со Централната банка и другите регулаторни тела во земјата. Покрај тоа, Надзорниот одбор беше навремено информиран за статусот на судскиот процес во врска со правата од приоритетните акции. Офицерот за информатичка сигурност, исто така, го информираше Надзорниот одбор во врска со ризиците по информатичката сигурност и тековните случувања на полугодишно ниво.

5 / Надзорниот одбор исто така го поддржа корпоративниот бизнис со одобрување значителни предлози за соработка со корпоративни клиенти. Покрај корпоративните предлози, Надзорниот одбор одобруваше и трансакции со поврзани страни во износ над МКД 6.000.000 согласно неговите надлежности дефинирани во Закон за банките.

7/ Во текот на 2024 година, сите политики во надлежност на Надзорниот одбор беа одобрени, меѓу кои: Политика за продажба на НПЕ пласмани, Политика за управување со валутен ризик, Политика за обука на членовите на одборите, Политика за оцена на соодветноста на членовите на Надзорен одбор и членовите на Управен Одбор, Политика за именување на кандидати за членови на статутарните тела на СБ, Политика за справување со поплаки, Политика за пријавување неправилности (Whistle- Blowing policy, Политика за надворешни услуги и др.. Покрај ваквите политики, Надзорниот одбор, исто така, го одобри Планот за опоравување, Рамката на ИКААП, Рамката за апетит на ризик , Рамката на ИЛААП и ИТ стратегијата на ИТ.

8 / Во 2024 година Собранието на Акционери одржа две дополнителни седници на 28.04.2024 и 16.07.2024 покрај годишното Собрание на акционери кое се одржа на 31.05.2024. Надзорниот одбор ги разгледа и ги предложи точките пропишани согласно Законот за трговски друштва и Законот за банки, истовремено земајќи ги предвид и предлозите од акционерите за точки кои треба да се додадат на дневниот ред на годишното собрание на акционерите.

9 / Во 2024 година, улогата на Одборот во поставувањето на стратегијата, надзорот и управувањето со ризикот беше зајакната. Беше организирана посебна седница на Надзорниот одбор за стратегија (Ден на стратегијата); беше воспоставен Одбор за надзор на управувањето со ризиците на ниво на членовите на Надзорниот Одбор за да обезбеди високо ниво на независен надзор на стратегијата за ризик на Банката и нејзиното спроведување.

*Редовност на седници*

Согласно гореспоменатото, Надзорниот одбор одржа 9 редовни состаноци. Помеѓу состаноците, во 5 наврати беше одлучувано со писмена согласност за која сите членови позитивно се изјаснуваа.

Учество на седници

| Член | Состаноци на Надзорен Одбор | Состаноци на Одбор за ревизија | Состаноци на Одбор за именување и наградување | Вкупно присуство, во % (сите седници) |
|---|---|---|---|---|
| М. Стратопулос[1] | 6/6 | - | 1/1 | 100% |
| С. Ќосев | 6/6 | - | 5/5 | 100% |
| Х. Христодулу | 9 | N/A | N/A | 100% |
| Д. Гудуфа | 6/6 | 3/4 | - | 90% |
| Ј. Кајулис | 3/4 | - | - | 75% |
| В. Филиповски | 6/6 | 4/4 | 5/5 | 100% |
| А. Лизос[2] | 2/4 | 3/3 | 4/4 | 80% |

**Дел од членовите на Надзорниот одбор се исто членови и на Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување, односно нивното учество во овие тела е исто така прикажано (4 седници на Одборот за ревизија и 5 на Одборот за именување и наградување)*

## 3. Надзор и соработка со другите тела/ одбори на СБ (Управниот одбор, Секторот за внатрешна ревизија, Секторот за усогласеност на работењето со прописите, Одборот за управување со ризиците, Одборот за именување и наградување и Одборот за ревизија)

Редовното одржување на седниците и постојаната комуникација со менаџментот обезбеди активна размена на информации помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор. Надзорниот одбор редовно ги рагледуваше и анализираше извештаите на Управниот одбор, на тој начин потврдувајќи дека споменатите извештаи претставуваат комплетна и соодветна слика на финансиските резултати, најважниот аспект од работењето на Банката, како и на работењето на Управниот одбор во 2024 година. Дополнително, Генералниот извршен директор имаше редовна комуникација со Претседателот на Надзорниот одбор за сите позначајни работи.

Надзорниот одбор имаше активна и отворена комуникација со Секторот за внатрешна ревизија и Секторот за усогласеност на работењето со прописите, и ги одобри нивните годишни планови за работа, редовно ги разгледуваше и дискутираше нивните извештаи, итн. Дополнително, Надзорниот одбор го следеше работењето на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Одборот за именување и наградување преку разгледување на нивните месечни, квартални или периодични извештаи за работа.

Се на се, Надзорниот одбор имаше активна комуникација и активно ја следеше работата на другите одбори и контролни функции на Банката.

## 4. Наградување на членовите на Надзорниот одбор

Сите членови на Надзорниот одбор имаат право на надоместок за нивната работа како членови во Надзорниот одбор.

Во согласност со најдобрите практики, членовите на Надзорниот одбор се наградуваат само со фиксни надоместоци (т.е. 400 евра нето месечно), одобрени од Собранието на

[1] *Г-динот Стратопулос беше именуван за член на Одборот за именување и нагрдаување на 30ти јули 2024 и неговото присусутви на ОИН после овој период е прикажано во табелата.*
[2] Мандатот на г-дин Лизос како член на Надзорен одбор истече на 7ми јули 2024 година.

акционери, со цел да се минимизира секој можен судир на интереси помеѓу контролата и управувањето со Банката. Во согласност со одлуката на Одборот на директори на НБГ, службениците на Групацијата НБГ кои учествуваат во Надзорниот одбор на СБ како претставници на акционерите не добиваат никаков надоместок. Надоместоците на вработените во Групацијата НБГ се сметаат за доверливи и не се објавени во овој Извештај. Г-динот Лизос и г-динот Стратопулос, претставници на акционерот кои веќе не се вработени во Групацијата НБГ, се плаќаат на ист начин како и независните членови, односно со надоместок од 400 евра нето на месечно ниво за учество во Надзорниот одбор, 200 евра месечно за учество во Одборот за ревизија и 50 евра нето по состанок за учеството во Одборот за именување и наградување.

На Собранието на акционери во јули 2024 година, Банката го промени својот пристап кон надоместокот на членовите на Надзорниот Одбор и Одборот за Ревизија, пред сè, за да се усогласи со пазарните нивоа и да кореспондира со значителното зголемување на обврските и одговорностите на членовите. Надоместокот се базира на фиксен годишен надоместок без оглед на бројот на седници во текот на годината; исто така за позицијата претседател на одбор надоместокот е повисок.
Членовите на Надзорен одбор кои се вработени во НБГ Групацијата немаат право на надомест за нивната работа, односно нивниот статус останува непрометнет како досега.

Изменетата структура на надоместокот е во согласност со пазарните стандарди и го препознава зголемениот обем на работа на членовите на Надзорниот Одбор.

## 4. Само-оценување на работењето на Надзорниот одбор од аспект на индивидуалните членови и заеднички

Со цел да се процени ефикасноста, да се идентификуваат потенцијалните слаби страни и да се потврди дека извршената работа е во согласност со пропишаната законска и интерна регулатива, членовите на Надзорниот одбор извршија самооценување на нивните активности поединечно и колективно. Евалуацијата на Надзорниот одбор ја зема предвид застапеноста на вештините, искуството, независноста и знаењето на членовите, како Надзорниот одбор функционира заедно како тим, и други фактори релевантни за неговата ефикасност.
Покрај тоа, следејќи ги најдобрите практики на корпоративно управување, и во согласност со Политиката за евалуација на Групацијата, Банката ангажираше надворешен советник за независна оценка на ефективноста на Надзорниот одбор.

Во овој поглед, проценките потврдија дека Надзорниот одбор на Стопанска е целосно усогласен со клучните регулаторни барања поврзани со одборот (состав, членови, услови, вештини и искуство, итн.). Членовите придонесуваат со висока професионална компетентност, регионално искуство и меѓународно искуство во некои случаи. Одборот може да се пофали со добро избалансирана застапеноста на вештини, со високообразовани членови кои покриваат клучни области како што се лидерство, финансии, стратегија, управување со ризик и контрола.
Тие имаат длабоко познавање на финансискиот и ризичниот профил на Банката и, како тим, имаат соодветни знаења и добра синергија за независен надзор на Банката. Постои простор за понатамошно зајакнување на Одборот преку диверзификација на вештините за да се опфатат областите кои се важни за претстојните предизвици и променливите околности во банкарскиот сектор (пр. IT, дигитализација, ESG итн.), за поголема полова застапеност и повеќе независни членови.

Покрај тоа, Надзорниот одбор го оцени работењето на Управниот одбор во 2023 година. Врз основа на целосната оцена, се донесе заклучок дека работата на Управниот одбор на Стопанска банка, како целина, е оценета со висока оцена (4.5 / 5), односно Управниот одбор работи во согласност со релевантното законодавство и стандардите за добро корпоративно управување на Групацијата и ефективно ги извршува своите

надлежности и улога. Членовите на Надзорниот одбор немаат никаква забелешка во однос на професионалните квалификации, личениот интегритет и менаџерските вештини на членовите на Управниот одбор.

## 5. <u>Судир на интереси & преземени мерки</u>

Во 2024 година, застапеноста помеѓу независните членови и оние што ја претставуваат НБГ е во согласност со регулаторните барања (1/4 од составот, односно, два од седум). Двајцата членови служеа два последователни мандати и се предложени за повторно назначување за трет и последен мандат како независни членови.
За да биде разгледан од страна на Надзорниот одбор и да биде предложен на Собрание на акционери како независен член, кандидатот не смее да има воспоставено материјален однос со Банката, менаџментот, акционерите / и или Групата кои би можеле да му влијаат во остварувањето на независното одлучување и во спроведувањето на одговорностите како независен член.
Критериумите се дефинирани во законите и Кодексот за корпоративно управување на СБ.

Во оваа насока, заклучно со 31 декември 2024 година, ниту еден член на Надзорниот одбор или Управниот одбор не поседува обични акции со право на глас на Стопанска банка АД – Скопје. Во врска со приоритетните кумулативни акции без право на глас, еден член на Надзорниот одбор и еден член на Управниот одбор поседуваат мал незначаен број акции (помалку од 0,1%).

Заклучок: сите **критериуми за независност се почитуваат** и **не е пријавен конфликт на интереси** од страна на било кој член на Надзорниот одбор за време на извештајниот период.

Ја изразуваме нашата благодарност до членовите на извршното раководство и сите вработени на Стопанска банка АД - Скопје за нивната посветена работа кон постојано остварување на мисијата и стратешките цели на Банката.

Н.О. бр. _____/2025 година
30.5. 2025
Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Маринис Стратопулос
**Претседател**